МАКЕД. СТОМАТ ПРЕГЛЕД, III, 4, 229—234, 1979 г.

Стоматолошки факултет — Скопје
Клиника за орална хирургија

КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ФИЗИЧКАТА И ФУНКЦИОНАЛНАТА СОСТОЈБА НА МАСТИКАТОРНИОТ ОРГАН И ХРОНИЧНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА НА ДИГЕСТИВНИОТ ТРАКТ

Т. Симовска

Фраквенцијата на хроничните заболувања на дигестивниот тракт, нивната комплексна етиологиај, даваат повод за размислување дека физичката и функционалната состојба на почетниот дел на истиот би можела да е поврзана и од значење за патолошкиот процес, особено што во литературата, меѓу многуте етиотолошки фактори, се наведу начинот на исхраната,

Конкретно во трудот е проследена состојбата на мастикаторниот орган кај болни со дијагностицирано хронично гастрично заболување.

Хроничните заболувања на дигестивниот тракт, т.е. нивната најчеста форма — гастритис хроника — има доста неразјаснета и компликувана генеза. Се обвинуваат голем број фактори, меѓутоа Tay Lor[3]) тврди дека не постојат поединечни фактори кои, делувајќи изолирано, предизвикуваат chr. gastritis. Сите до сега во литературата цитирани агенси, делуваат акцесорно покрај непознатиот причинител. Овие така наречени „помошни" или „дополнувачки" етиолошки фактори, кои во дадени услови можат да предизвикаат хроничен воспалителен процес на желудочната лигавица, делуваат директно, индиректно, како и помошно. Меѓу директните фактори се цитира на прво место храната и нејзините физички и хемиски квалитети, нејзината недоволна преработеност т.е. самиот квалитет на мастикацијата, нередовноста на оброците и воопшто нехигиената на исхраната.[2,4])

Заради евидентноста на улогата на храната, односно нејзината механичка подготвеност од страна на мастикаторниот орган, ние си поставивме за цел да ја проанализираме корелаци-

јата помеѓу физичката состојба на овој орган и воопшто мастикаторната функција кај болни со хронични воспалителни заболувања на желудникот.

Материјал и метод на работа

Како материјал зедовме 100 болни со утврдено хронично заболување на желудникот, од Гастро-ентеролошкото одделение на Интерната клиника во Скопје. Кај овие болни детално е анализирана состојбата на cavum oris — дентиција и пародонт, индивидуално е одредуван мастикаторниот ефект по методот на Устименко и неговата корелациона таблица.[5])

Резултат и дискусија

Материјалот распореден по пол, возраст и професија, покажа дека половите се скоро подеднакво застапени, по возраст доминантна беше групата на зрела и активна возраст — меѓу 40—60 год., со поголемо психо-физичко оптоварување, а по професија беа работници.

ПРОФЕСИЈА	ПОЛ		ВОЗРАСТ			
	М.	Ж.	до 20г.	20-40	40-60	над 60г.
РАБОТНИК = 27	23	4	–	18	9	—
СЛУЖБЕНИК = 23	11	12	—	3	18	2
ЗЕМЈОДЕЛЕЦ = 14	4	10	1	1	11	1
ДОМАКИНКА = 15	—	15	—	7	8	—
ПЕНЗИОНЕР = 10	5	5	—	—	2	8
ДРУГИ = 11	6	5	2	6	—	3
ВКУПНО = 100	49	51	3	35	48	14

Сл. 1. Материјалот распределен по пол, возраст, професија

По дијагноза на гастричното заболување, првото место му припаѓа на хроничниот гастрит 46, хроничниот гастрит во комбинација со друго дигестивно заболување 40 случаја, а кај 14 случаја улкус како самостојно заболување или пак во комбинација со друго дигестивно заболување.

GASTRITIS CHR.	GASTRITIS CHRONIKA СО ДР. ДИГЕСТИВ. ЗАБ.	ULCUS ВО САМОСТ. ФОРМА ИЛИ СО ДР. ДИГЕСТ. ЗАБ.
46	40	14

Сл. 2. Материјалот поделен по однос на дијагностицираното гастрично заболување.

Со оглед на поставената цел, особено внимание обративме на состојбата на мастикаторниот орган и мастикаторната функција, а за да биде таа проценета, потребно беше, пред сè, да се обележи физичката состојба на дентицијата кај набљудуваните болни. Анализата покажа дека дентицијата била редуцирана општо со 37%, а кај 14% од болните таа била интактна. (Сл. бр. 3).

РЕДУКЦИЈА НА МАСТИК. ЕФЕКТ ВО %	СОСТОЈБА НА ПАРАДОНТОТ		СРЕДНА ВРЕДНОСТ НА МАСТИКАТ. ЕФЕКТ ВО %
	ЗДРАВ	ОБОЛЕН	
37 %	46 %	54 %	47,88 %

Сл. 3. Физичка оштетеност на дентицијата, состојба на пародонтот и средни вредности на мастикат. ефект.

Имајќи предвид дека за обавување на мастикацијата и одредување на мастикаторниот ефект, од важност е и состојбата на парадонтот кај преостанатите заби, направивме адекватно испитување. Резултатите покажаа дека кај 54% тој бил засегнат со оштетување од II или III степен. На истата таблица (сл. 4) се гледа и крајниот резултат на одредување на средната вредност на мастикаторниот ефект по методот на Устименко, кој е знатно намален кај набљудуваната група и изнесува 47,88%.

Интерес претставуваат и податоците за староста на дефектот на дентицијата и староста на гастричното заболување, како и хронологијата на настанувањето на овие две состојби. Анализата на добиените податоци покажува дека дефектите на мастикаторниот орган во 70% се постари од 3 години, а во 54% тие се постари и од 10 години, додека староста на гастричното заболување покажува 63% над 3 години, а кај 43% над 10 години.

ВИД НА ДИСФУНКЦИЈАТА	ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДИСФУНКЦИЈАТА					
	до 3 г	3-7	7-10	10-15	над 15	ИНТАКТНА ДЕНТИЦИЈА
МАСТИКАТОР ДИСФУНКЦ	15	17	18	15	21	14
ГАСТРИТИНА ДИСФУНКЦ	37	20	21	10	12	—

Сл. 4. Старост на гастричното заболување и старост на дефектот на дентицијата.

Што се однесува до хронологијата на настанувањето на овие две дисфункции, кај 51% првенствено имаше мастикаторна дисфункција, кај 14% тие се јавуваат истовремено, а во 21% гастричното заболување беше со предимство. Сумирајќи ги овие податоци, можеме да кажеме дека мастикаторната дисфункција била присутна во моментот на манифестацијата на гастричното заболување во 65% случаи и дека тој факт можел одредено да учествува и придонесе за настанување на патолошкиот процес во желудецот. (Сл. 5).

ПРВЕНСТВО НА МАСТ ДИСФУНК	ПРВЕНСТВО НА ГАСТРИТ ЗАБОЛУ.	ЕДНОВРЕМ ПОЈАВА НА ДВЕТЕ ДИСФУНКЦИИ
51 %	21 %	14 %

Сл. 5.—Хронологијата на настанување на дисфункциите.

Кај пациенти со дефектна мастикација не се врши доволна механичка подготовка на храната, таа кратко се задржува во устата, болусот не се оформува правилно, а ферментативното делување врз самиот болус е во заостаток. Таквата инсуфициентна обработка го оптоварува желудникот кој, како што порано видовме, на тоа одговара со манифестација на хроничниот воспалителен процес. Недоволното (по време) цвакање се одразува и на моторната и секреторната функција на гаструмот, факт кој Бујакова го објаснува со недоволно подражување на барорецепторите.

За поправилно и покомплексно оценување на мастикаторната функција, треба да се напомене дека таа не секогаш и не единствено зависи од интегритетот на дентицијата. Оваа функција е дејност што ја вбројуваме во навиките и како таква, таа е условена од самиот темперамент, нервниот систем, хабитусот и едукацијата на индивидуата, така што таа може да биде инсуфициентна и покрај интактноста на дентицијата, а во нашиот материјал таа беше инсуфициентна и како тип во 78%.



Сл. 6. Типот на мастикација во проследениот материјал.

Заклучок

Од набљудуваниот материјал можевме да констатираме дека во еден значаен процент — 65% мастикаторната дисфункција и смалениот мастикаторен ефект биле присутни во моментот на настанувањето на гастричното заболување, заради што ја допуштаме можноста оваа дисфункција да можела да даде импулс за настанување на патолошкиот процес или да го отежни веќе постоечкиот процес. Заради ова, кај ваквите болни се наложува и контрола од страна на стоматолог, за рана и комплектна рехабилитација на оштетената мастикаторна функција, а ова е уште попотребно кај почетните форми на заболувањето, кога промените се само функционални, каде би можело да се спречи настанувањето на иреверзибилни морфолошки промени на гастричната лигавица.

Zuzammen fassung

Der Verfasser analyziert der Zustand und die Funktion des mastikatorischen Grgan bei denen eine chronische Erkankung des Verdaunugstraktes festgestellt wurde. Die Ergebnisse haben gezeigt,

daß der mittlere mastikatorische Effekt bei dieser Kranken in 47,12% bestätigt wurde, phösikalische die Dentataon wurde mit 37% reduziert und 14% des Fälle war die Dentition intakt.

Da es bei 65% die Fälle eine mastikatorische Disfunktion anweswnd war während der manifesten gastritische Erkrankung es wurde darauf hingewesen daß es möglich ist diese Disfunktion nimt teim der komplizierte Genese des entzundlichen Magenprozesses.

In dem Sinne es wird eine Kontrole der Kranken empfollen um eine rechtzeitige Rehabilitation der Gestörten mast, Fumktie zu erzielen.

Литература

1) Вајс С J., Буякова А. — Влияание химическога раздражение рецептивнаго поляа зубов на желудечной секреции. Стом. М. 1964, 4.

2. Вановски Б. — Клинички, функционални и морфлошки карактеристики на хр. гастрит и неговата предиспонирачка морбидна улога. Хаб. труд 1970 г. Скопје.

3. TayLoй K. — Chronic afrofic gvihtis and pernicions anemia qushand.

4. Симовска Т. — Учеството на едентацијата во патогенезата на хр. гастоинтестин заболувања. Хаб. труд, 1972, Скопје.

5. Устименко В. Л. — Проблеми стаматологии, Зборник науч. раб. Мед. УРСС 1956 г.